Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Министерство за локална самоуправа на Р. Македонија, на ден 15.09.2014 година, донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Изменување и дополнување на стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009-2019, (нацрт) кој го донесува Собранието на Република Македонија потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009-2019 - нацрт, се определуваат следните: јавни институции, локални самоуправи и подрачни единици на Министерствата, канцеларии на планските региони, Биро за регионален развој, канцеларии за ЛЕР, месни заедници на населените места, здруженија на граѓани, локалниот бизнис сектор.
3. За планскиот документ Изменување и дополнување Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009-2019 - нацрт, за чија изработка е одговорено Министерство за локална самоуправа на Република Македонија, а го донесува Собранието на Република Македонија, донесувањето на планскиот документ Изменување и дополнување на стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009-2019, (нацрт) ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: Влијание врз население и човеково здравје, влијание врз социо-економска состојба, влијанија врз квалитет на амбиентниот воздух, влијание врз квалитетот на површински и подземни води, влијание врз почва, влијание од бучава, влијание врз флора и фауна, влијание врз предел, влијание врз материјални добра, влијание врз културно и историско наследство, влијание од несреќи и хаварии и прекугранично влијание.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за локална самоуправа на Република Македонија на следната веб адреса/и: www.mls.gov.mk.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

МИНИСТЕР

M-r Birim Shabani

Бр.

Место ,Скопје 15.09.2014

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Изменување и дополнување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009-2019 |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Министерство за локална самоуправа |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Собрание на Република Македонија |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Славица Јакимовска |
| Назив на работното место | Раководител на сектор за рамномерен регионален развој |
| Контакт податоци за лицето | 071 226 404, slavica0104@gmail.com |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Согласно Член 65 од Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11, 123/12, 93/13) и Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?<br>Се вршат измени на постојниот плански документ |
| Да ☐<br>Не ☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?<br>Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009-2019 ("Службен весник на РМ" 119/09).<br>Во 2013 година беше спроведено тековно оценување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009-2019 ("Службен весник на РМ" 119/09). Врз основа на добиените наоди од спроведеното тековно оценување беше утврдената потребата да се изменат дефинираните мерки за постигнување на стратешките приоритети како и индикаторите за следење на исполнувањето на приоритетите. |
| |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| ДА. Планскиот документ го опфаќа концептот на регионален развој на Р. Македонија |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка: 8 | Алинеја: 2 |

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| ДА. Проектите произлегуваат од дефинираните стратешки цели, односно приоритетите кои се идентификувани за секоја од стратешките цели, како на пр.<br>- Развивање современа и модерна инфраструктура во планските региони - преку осовременување на постојната мрежа на „А" патишта, градба на нови делници на мрежата на „А" патишта, осовременување на постојните регионални патишта, изградба на нови регионални делници и др.<br>- Искористување на иновативниот потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките дејности во планските региони - преку реализирање на проекти за бизнис-инкубатори, индустриски паркови и кластери од доменот на висока технологија, и др.<br>- Подигнување на нивото на човечкиот капитал во планските региони, преку реализирање на проекти: новоизградени станови/индивидуални куќи , отворање центар за терцијарна здравствена нега<br>- Поддршка на подрачјата со специфични развојни потреби, преку релизирање на |

| |
|---|
| проекти за подобрување на сообраќајната и комуналната инфраструктура на ридско-планските, пограничните и руралните подрачја и нивно поврзување со најблиските урбани центри |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| НЕ |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Целта на националната стратегија за регионален развој е да се поттикне развојот на планските региони според зацртаните насоки во ЕУ и да се дејствува во поглед на подигнување на капацитетите на планските региони и единиците на локалната самоуправа за користење на соодветните компоненти од расположливите ИПА-фондови на ЕУ. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| • Просторно планирање,<br>• Социо-економски развој,<br>• Техничка инфраструктура и<br>• Животна средина. |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| Изменувањето и дополнувањето на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009-2019 треба да се донесе до крајот на 2014 година. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| Стратегијата за регионален развој на Република Македонија, како десетгодишен плански документ се оценува на средина на периодот од нејзиното спроведување(тековно оценување) како и на крајот на периодот од нејзиното спроведување (завршно оценување). Тековното оценување беше спроведено на крајот на 2013 година, додека во тековната 2014 година, врз основа на наодите од спроведеното тековно оценување, се спроведе ажурирање на националниот документ. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Стратегијата за регионален равој на Република Македонија се однесува за целата територија на државата и осумте плански региони. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значителн влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подо како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средин кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлук дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз живот средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Со реализација на планскиот документ се предвидува реализација на проекти кои бидат предмет на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина (ОВЖС значи дека се очекува да имаат некакви негативни влијанија врз живптната среди Влијанијата за кои се претпоставува дека може да произлезат при имплементациј на стратегијата за регионален развој, може да се разгледуваат од аспект на негати влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија кои се манифестираат преку подобрено управување и заштита на животната средина. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Од реализирањето на планскиот документ ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Од проектите не се очекуваат значајни влијанија вр животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини - не спаѓаат во групата на големи и директни загадувач животната средина и животот и здравјето на луѓето Ефектите од овие влијанија ќе се утврдат на ниво н конкретни проектни активности. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Прекугранични влијанија - може да се разгледуваа делот на стратешкиот приоритет за развивање современа и модерна инфраструктура во планскит региони, односно градба на нови делници на мреж на „А" патишта.<br>Приоритетот - развивање на прекуграничната и меѓусебната соработка на планските региони и користење на можностите (финиансирање на прое што ги нуди ИПА 2 компонентата, може да имаат прекугранични влијанија.<br>Овие влијанија ќе се утврдат на ниво на конкретни проектни активности. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | При реализацијата на планскиот документ не се очекуваат ризици по животот и здравјето на луѓето животната средина по однос на несреќи и хаварии би можеле да се случат. Од природни непогоди ко |

| | |
|---|---|
| | може ќе имаат влијанија се земјотреси, поплави, силни ветрови, и др. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Просторниот обем и опсег на влијанијата може да се каже дека се ограничени на територијата на Република Македонија, односно на 8-те планските региони, чија што детална местоположба е наведена во самиот плански документ:<br>• Вардарски плански регион<br>• Источен плански регион<br>• Југозападен плански регион<br>• Југоисточен плански регион<br>• Пелагониски плански регион<br>• Полошки плански регион<br>• Североисточен плански регион и<br>• Скопски плански регион |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од реалната состојба на теренот, планските одредби од Просторниот План изработен претходно споредени со планските решенија кои ги нуди предметниот стратешки документ. Стратегијата предвидува реализирање на проекти кои се во функција на подобрување на квалитетот за живеење, одржливиот развој и заштита на животната средина (одржливо искористување на водените ресурси, природните ресурси, органско земјоделие) | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Ќе зависи од изборот на конкретна локација и нејзината сензитивност, што ќе се определи на ниво на секој конкретен проект/активност. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Истите ќе бидат предмет на анализа на конкретна планска документација за секоја планирана активност, во однос на прогласените и евидентирани природни вредности на територијата на регионот и оние кои се идентификувани во Националната стратегија за биолошка разновидност. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | При реализација на планскиот документ, односно реализација на проектните содржини, можни се влијанија во фаза на изградба на поедини објекти и тие се манифестираат како емисии во воздух, прашина, емисии во вода, бучава, отпад.<br>Но, во оваа фаза не може да се одредат стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности, бидејќи предвидените активности ќе се реализираат на различни подрачја од регионот, а секое подрачје се карактеризира со одреден квалитет на животната средина. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Во оваа фаза исто така, не може да се одреди употребата на земјиштето за конкретните и |

| | |
|---|---|
| | идните можни локации. Истите ќе бидат предмет на анализа на конкретна планска и проектна документација за секоја планирана активност. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Во оваа фаза не може во целост да се предвидат влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја ќе бидат предмет на анализа на конкретна планска и проектна документација за секоја планирана активност. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Во планскиот документ се наведени планирани проекти кои имаат за цел да придонесат кон постигнување на целите за рамномерен и одржлив развој на целата територија на Република Македонија, преку реализирање на проекти за подобрување на квалитетот на живеење, одржливо искористување на ресурси и заштита на животната средина. Во понатамошна фаза кога поконкретно ќе бидат дефинирани и планирани проектите ќе се одреди кои од нив ќе подлежат на постапка за ОВЖС.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

На ова прашање не може да се даде бараниот одговор во оваа фаза, бидејќи околината треба да се разгледува за секој проект посебно, а во овој момент не се знаат со сигурност кои проекти ќе бидат реализирани и на која локација.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:

(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Приоритетот - 1.7 од Стратегијата е утврден со цел заштита на животната средина во планските региони

Обезбедувањето здрава животна средина во планските региони е исклучително значаен аспект за создавање конкурентни плански региони кои ќе се препознаваат според добрите услови за живот и работата на населението. Со оглед на важноста на овој аспект, од една страна, и недостатноста на статистички податоци и анализи на ниво на планските региони кои би овозможиле детална слика, од друга страна, заштитата на животната средина е идентификувана како приоритет врз основа на утврдената состојба во Просторниот план на Република Македонија, Националните стратешки документи и планови кои се однесуваат на заштитата на животната средина и сознанијата од регионалните средби и работилниците со засегнатите страни одржани во текот на процесот на ревизија на Стратегијата.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.

(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото

спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

Стратегијата обработува генерални еколошки проблеми, односно дефинира приоритети за решавање на проблемите во одредени области и медиуми на животната средина. Како потенцијални проблеми ги обработува и предвидува мерки за: ПОЧВА - рекултивирање на загадена почва, санација на почва на индустриски контаминирани локалитети, мерки против ерозија на земјиштето, агро-еколошки мерки. ВОДНИ РЕСУРСИ - реконструкција/санација на системите за водоснабдување во урбаните центри и изградба на нови во руралните области, реконструкција и санација на системите за одведување на отпадните води во урбаните центри и изградба на нови во руралните населби, воведување интегриран пристап на заштитата на водите по речни сливови, дефинирање на заштитните зони на тековните и можните идни извори на вода за пиење. ОТПАД - изградба на регионални депонии согласно стандардите за заштита на животната средина, санација и осовременување на постојните депонии, воведување мерки за рециклирање и преработка на отпадот, воведување услуга на подигнување и депонирање комунален отпад во руралните населби. ВОЗДУХ - подобрување на квалитетот на горивата преку воведување повисок стандард на квалитет на горива, ограничување на увозот на стари возила, поттикнување на користењето алтернативни горива во сообраќајот, целосна гасификација на индустријата, електрификација на јавниот градски сообраќај или користење на гасот во јавниот градски сообраќај.

БИОДИВЕРЗИТЕТ - подготовка на планови за управување со заштитените подрачја, дефинирање национална црвена листа и распоредот на заштитени видови, подготовка на регионални бизнис-планови и маркетинг-планови за промоција, заштита и управување на заштитените подрачја, пошумување и заштита на шумите.

КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ - подготовка на регионални и локални стратегии за справување со климатските промени, поддршка на активности за подобрување на енергетската ефикасност на станбените и јавните објекти, кампањи за подигнување на јавната свест во однос на последиците од климатските промени, воведување нови и ефикасни системи за наводнување со системи за микронаводнување.

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

При изработка на Стратегијата се користени расположливите национални документи, и тоа: Стратешките приоритети на Република Македонија, Програмата за работа на Владата, Националниот развоен план 2009–2013, Просторниот план на Република Македонија, Популациона политика и Стратегија за демографски развој 2008–2015, Стратегијата за вработување, Стратегијата за мали и средни претпријатија, Стратегијата за земјоделство и рурален развој, Националната транспортна стратегија, Стратегијата за туризам, како и останати многубројни секторски документи со цел да се обезбеди координација помеѓу планирањето и реализацијата на мерките насочени кон поттикнување на развојот.

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена

| | |
|---|---|
| согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Согласно Законот за рамномерен регионален развој, а со цел согледување на напредокот кон остварување на целите и приоритетите на Стратегијата, при крајот на 2013 година извршено е тековно оценување на Стратегијата за регионален развој за периодот 2009–2012 година, за области од значење за регионалниот развој, меѓу кои и областа заштита на животна средина. Тековното оценување на Стратегијата е спроведено согласно техниките за тековно оценување преку: оценување на реализацијата на секоја мерка одделно и ефектите од неа и оценување на промените кои се направени во одделна развојна област. Тековното оценување е извршено преку идентификуваните појдовни показатели и показателите за реализацијата и ефектите од спроведените мерки за поттикнување на регионалниот развој. Со тековното оценување се измери напредокот кон остварување на стратешките цели, приоритети и мерки и се направи оцена на ефектите од спроведените мерки за поттикнување на регионалниот развој. Со тековното оценување се обезбедија релевантни информации и препораки за потребните корективни мерки за подобрување на имплементацијата на Стратегијата и за остварување на предвидените цели, приоритети и мерки.<br>Извештајот за стратегиска оцена на животната средина се работеше во фаза на драфт односно нацрт - ревизија на стратегијата за регионален развој на Р. Македонија и во него се вклучени сите потенцијални влијанија врз животната средина од реализирање на планскиот документ. | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Бидејќи во планскиот документ се наведени конретни проекти кои би требало да се реализираат со цел да се постигне одржливо искористување на ресурсите, секој проект пред негово реализирање ќе биде предмет на детална ОВЖС (елаборат или студија во зависност од карактеристиките и обемот на проектите). | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | МИНИСТЕР<br>M-r Lirim Shabani |
| Датум 15.09.2014<br>Место Скопје | М.П. |

| | |
|---|---|
| Плански документ | **ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2009-2019** |
| Изработувач на планскиот документ | **Министерство за локална самоуправа** |

| Цели и/или предлог цели што треба да се постигнат со реализирање на планскиот документ: |
|---|
| 1. Конкурентни плански региони што се одликуваат со динамичен и одржлив развој и<br>2. Поголема демографска, економска, социјална и просторна кохезија меѓу и во рамките на планските региони во Република Македонија. |

**Причини за ревизија на планскиот документ**

Во согласност со одредбите од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на Република Македонија" бр.63/07, 187/13 и 43/14), и Правилникот за избор на оценувачи и методологија за оценување на планските документи за регионален развој ("Службен весник на РМ"15/12) кон крајот на 2013 година е спроведено тековно оценување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009-2019 ("Службен весник на РМ" 119/09), со цел согледување на имплементацијата кон остварување на целите и приоритетите утврдени во Стратегијата.

Во согласност со член 9 од Правилникот за избор на оценувачи и методологија за оценување на планските документи за регионален развој, тековното оценување на Стратегијата е спроведено во следните области:

- Просторно планирање,
- Социо-економски развој,
- Техничка инфраструктура и
- Животна средина.

Врз основа на наодите од спроведеното тековно оценување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009-2019 е спроведено ажурирање на наведениот плански документ.




Слика – граници на планските региони во Р. Македонија